РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0205-76/3
17.02 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 173, 175 и 176 од Законот за високо образование (Службен весник на Р.С.М бр. 82/18), врз основа на член 151 од Статутот на Бизнис Академија Смилевски – БАС, (Ноември 2018 година) и врз основа на член 8 од Правилникот за критериумите, условите, правилата и постапката за избор во наставни, наставно - стручни звања и демонстратори на БАС, на 206-та седница на Наставнички совет на БАС, одржана на 17.02.2022 година, Наставничкиот совет ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за избор на наставник во насловно звање

**Член 1**

Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, м-р Иван Ѓорѓиевски, од Скопје да се избере во наставно звање виш предавач на висока стручна школа за наставната област Оперативен менаџмент.

**Член 2**

Изборот во звање е за период од **5 години.**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила по завршување на предходниот избор, односно од 14.03.2022 година.

*Образложение*

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје распиша Конкурс за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за настравната област Оперативен менаџмент, кој го објави во дневниот весник „ Нова Македонија“ на ден 18.09.2021 година

На конкурсот се пријави кандидатот м-р Иван Ѓорѓиевски.

Наставничкиот совет на БАС на својата редовна 200-та седница на Наставнички совет на БАС одржана на 19.10.2021 година формираше рецензиона комисија за изготвување на

реферат и оценка за избор на наставник во наставно звање со постојан работен однос за наставната област Оперативен менаџмент, со одлука бр. 0205-248/4 од 19.10.2021 година, во состав:, проф. д-р Тони Соклевски, проф. д-р Добри Петровски и проф. д-р Таип Јакупи.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник во наставно звање во постојан работен однос за наставната област Оперативен менаџмент, кој беше објавен на интернет страната на БАС на ден 17.01.2022 година, под дел. бр. 0401-46/1 од 17.01.2022 година.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Наставничкиот совет на БАС, м-р Иван Ѓорѓиевски да го избере во наставно звање виш предавач на висока стручна школа за наставната област Оперативен менаџмент.

Врз основа на тоа, Наставничкиот совет на редовната 206 -та седница одржана на 17.02.2022 година едногласно ја донесе оваа одлука.

**Директор на БАС**

**Проф. д-р Маја Кузмановска**